ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 75.052Андон Зограф
75.052:[726:27-523.4(497.735)"18"

Снешка ЛАКАЛИСКА

# АНДОН ЗОГРАФ ОД МЕЛНИК, ЖИВОПИС И ИКОНОПИС ВО ЦРКВАТА ПРОРОК СВ.ИЛИЈА – с. МИТРАШИНЦИ, БЕРОВСКО, 1894/95 ГОДИНА

***Клучни зборови**: Андон Зограф, фрескоживопис, иконопис, црква Пророк св. Илија, с. Митрашинци, беровско.*

***Апстракт:** Црквата,,Пророк Св. Илија", во селото Митрашинци, беровско, е градена кон средината на XIX век во трикорабна диспозиција. Почнувајќи од 1852 до 1860 година, на иконостасот се поставени првите икони, изведени од тројца зографи, двајца неидентификувани иконописци и Никола Михајлов од Крушево, еден од најеминентните преродбенски иконописци од Македонија во втората половина на векот. Дури во 1894 година ентериерот на црквата е исполнет со фрескоживопис сликан во традиционален конзервативен стил. Фрескоживописот и дел од иконописот ги извел Андон Зограф по потекло од Мелник, Пиринска Македонија, Р. Бугарија, кој твори во повеќе цркви во Малешевијата.*

Црквата Пророк св. Илија е градена кон средината на XIX век во трикорабна диспозиција. Почнувајќи од 1852 до 1860 година, на иконостасот се поставени првите икони, изведени од тројца зографи, двајца неидентификувани иконописци и од Никола Михајлов од Крушево, еден од најеминентните преродбенски иконописци од Македонија во втората половина на векот. Дури во 1894 година ентериерот на црквата е исполнет со фрескоживопис сликан во традиционален конзервативен стил. Фрескоживописот и дел од иконописот ги извел Андон Зограф по потекло од Мелник (Пиринска Македонија). Тој твори во повеќе цркви во Малешевијата. Најрани негови икони во регионот се регистрирани од 1892 година во црквата Св. Петар и Павле во Пехчево. Неговиот идентитет го потврдиле свештеникот и клисарот при теренското истражување на А. Василиев во Малешевијата во 1941 година,[1]. Андон Зограф всушност е еден од последните зографи, претставник на Мелничкиот зографски центар во Пиринска Македонија (денес во Бугарија), кој оставил многубројни дела во живописот и иконописот на повеќе цркви во мелничкиот регион како и во градот Сандански (тогашен Свети Врач)[2]. На просторот во Македонија тој главно слика икони во источниот регион. Негови најрани дела од 1892 година во црквата Св Петар и Павле во Пехчево, се две икони на северниот и јужниот олтарен влез, посветени на Св. Јован Златоуст и Архангел Михаил и Распетие Христово со претстава на Богородица и Јован Богослов во цел раст, сместени во олтарот на црквата[3]. Оставил повеќе иконописни дела во малешевските цркви во селата Будинарци, Негрево, Ратево, и во црквата Пророк св. Илија во с. Митрашинци, која ја живописал по целата нејзина внатрешност[4].

[1] А. Василиев, *Български възрожденски майстори (живописци, резбари, строители),* фототипско издание София, 1965, 276. (Во регистерот на преродбенските мајстори од Асен Василиев се среќава зограф Андон од Мелник, кој во 1892 година, оставил две икони во црквата Св. Петар и Павле во блиското Пехчево, неговиот идентитет во Пехчево, во 1941 година го потврдиле свештеникот и клисарот, кои лично го познавале зографот).

[2] Я. Гергова, *От здравеносните божества до светците безсребърници,(по примерите на Югозападна Бъгария)* БАН, Институт за етнология и фолклористика се етнографски музей, ИК „Гутенберг", София 2015.

[3] Д. Матевска, *Спомениците на живописот во малешевскиот крај од XIX век и почетокот на XX век,* Скопје 2003, 202, сл.118 и 117. На стр. 94, авторката известува дека за истата црква Андон го насликал Распетието Христово со фигурите на Богородица и Јован Богослов во цел раст, кои се сместени во олтарниот простор на црквата. Истиот зограф слика икони и во црквата во с. Ратево

[4] Д. Матевска, *Спомениците на живописот во малешевскиот крај од XIX век и почетокот на XX век,* 91-233.



*Сл.1. Црква Пророк св. Илија,с. Митрашинци, средина на XIX век*

Кон крајот на XIX век надвор од големите центри црковното сликарство бележи извесен пад, а со тоа и зографството како дејност. Творештвото на Андон Зограф е во стилот на традиционализмот што одговара на вкусот на црквата и на конзервативната средина во тој период. Тој не е многу талентиран зограф кога слика на големи површини, за разлика од иконописот каде дава малку подобри резултати. Иако се трудел, не умеел да наслика симболично метафорични ликови, светителите се прикажани во преден план, драпериите се стилизирани, пејсажот го слика со ниски ридести предели кои задолжително се со триаголни завршоци, со ретка и ниска вегетација. Во сликањето на фигурите не покажува познавање на пропорционалност, вообичаено главата е доминантна во однос на телото. Ликовите варираат од долгнавести до широкообразни. Контурите ги потенцира со црна боја. Во декорацијата употребува елементи од левантискиот барок, цветни детали кои ги слика на ѕидовите и на иконите. Во сцените се присутни и жанр мотиви[5]. Во неговото сликарство преовладуваат јаки сини, црвени и темнозелени тонови. Иконографијата ја пренесува во детали на еден нему својствен начин. На теренот во неговото творештво, една иста иконографија може да се сретне во неговиот живопис и иконопис. Многу идентични дела може да се видат на живописот во црквата Св. Врачи во Сандански во Бугарија од 1899 година. Црквата Пророк Св. Илија е единствена во Малешевијата (Сл.1), а и меѓу ретките во Македонија од тој период, која целосно е покриена со живопис, и поради тој факт локалното население ја смета за најубава црква во регионот.

Карактеристично за Андон Зограф е дека по завршувањето на живописот во сите цркви кои ги сликал остава натписи со историски податоци, како за свештенството за чие време сликал така и за донаторите. Во црквата Пророк св. Илија во натписот на внатрешната страна, источно од северната врата над композицијата Св. Ѓорги ја убива ламјата и го спасува младичот, во врамен правоаголник со црковнословенско писмо дознаваме дека, живописот го завршил на 19 јули 1894 година зографот Антон, во време на епитропот Никола Калаџија[6]. **СЄЙ ХРАМЪ СВЄТЫ ПРОРОКА ИЛЇА**

---

[5] С. Лакалиска, *Празникот Обрезание Христово во творештвото на Андон зограф во црквите во Малешевијата*, Културно наследство 34, Републички завод за заштитита на спомениците на културата Скопје, Скопје 2008, 85-93. На неговиот живопис и иконопис во црквата Св. Илија во с. Митрашинци се осврнува авторката Д. Матевска, *Спомениците на живописот во малешевскиот крај од XIX век и почетокот на XX век,* Скопје 2003, 115, 202, сл.117 и 118, 228, сл.178 и 179, 232 сл.190;

[6] А. Николовски, *Евиденција на спомениците на културата во Берово, Делчево и Виница, Културно наследство,* РЗЗСКМ-Скопје, X-XI, 1983-84, Скопје 1987. С. Лакалиска, *Празникот Обрезание Христово во творештвото на Андон зограф во црквите во Малешевијата*, Културно наследство бр 34, Републички завод за заштитита на спомениците на културата Скоје, Скопје 2008; истата, *Икони од зограф Никола Михајлов на иконостасот во црквата пророк св, Илија с. Митрашинци, Беровско*, Патримониум.мк, год.15, бр.20, Скопје 2022, 347; Д. Матевска, *Спомениците на*



*Сл .2. Амвон, со поглед на ентериерот на црквата*



*Сл.3. Владички трон*

**ИЗОБРАЗИ СА ВО ЛЬТО** 1894: **ІȣЛІА** 19 **ЄПЇТРОПЪ НИКООЛА КАЛАИДЗИА. ПРИЛОЖНИЦИ СИТЄ СЄЛАНЄ.ЖИВОПИШЄЦЪ АНТѠНЪ.**

Истата година е испишана и на една лента со натпис по должината по долниот раб на женската галерија – емпорија: **ОȣТВЄРЖЄНІЄ НА ТѦ НАѢЮЩИХ СѦ ОȣТВЕРДИ ГОСПОДИ СТѦ: СТѦЖАЛЪ ЄСИ ЧЄСТНОЮ ТВОЄЮ КРОВЮ СОХРАНИ ОСВЄТИ ГОСПОДИ ЛЮБѦЩИИА БЛАГОЛБИТЄ ДОШȣ ТВОЄГѠ** 1894. Андон Зограф на венецот на емпоријата го испишал текстот од Тропарот кој се пишува на венецот на куполата под пророците, препорачан во ерминијата од Дионисие од Фурна:„ Цврсто упориште на оние што веруваат во Тебе, воспостави, Господи, црквата што си ја заслужил со твојата чесна крв“[7] и ја додал годината 1894 кога практично е завршена целокупната декорација на ентериерот. Во црквата има повеќе натписи, еден од нив се чита на капителот под амвонот, сместен во барокна картуша: **ЗНАНО АТАНАСЪ Ї СТОИЛЬ СЄМЄ҃ИС ПОСТОЛОВ БЄА СТОѦТЄЛИ**. Добиваме известување дека истиот го изработиле Атанас и Стоил од семејството Постоливи (Сл.2).

Амвонот - дрвената певница е прислонета на третиот столб од северната страна, дрвените скали кои воделе до него денес не постојат. Според својата конструкција тој е петтоаголен, составен од пет одделни правоаголни полиња, меѓу себе разделени со столбови во кои се изобразени светите отци под полукружни арки: Св. Атанасиј Велики, Св. Григориј Велики и Св. Јован Златоуст, Св. Василиј Велики и Св. Никола. Сите се сликани фронтално во цел раст, во архиерејски облеки, со митри на главите, со десната рака во став на благослов, а во левата држат затворени евангелија - атрибутот на ортодоксноста и симбол на нив-

---

*живописот во малешевскиот крај од XIX век и почетокот на XX век,* 231, сл.177. Авторката Я. Гергова, *От здравеносните божества до светците безсребърници,(по примерите на Югозападна България)* на стр. 58, го донесува натписот во црквата Св. Кузман и Дамјан во Сандански, каде покрај годината на сликање се наброени и имињата на архиерејскиот наместник, свештеникот, а на крајот запишал: **РѴКА ЖЄ ЗѴГРАФИН АНДОНЪ**.

[7] М. Медић, *Стари сликарски приручници III, Ерминија о сликарским вештинама Дионисија из Фурне,* Београд 2005, 727 (565) 7, тропар кој се пишува на венецот под куполата .„Тврдо упориште оних који у Тебе верују, утврди, Господе, цркву коју си заслужио часном крвљу твојом“.




*Сл.4. Огнено вознесение на Пророк св. Илија, фреска,прва зана, ј/з ѕид, 1894 година*

ната мудрост како учители на црквата[8]. Сите тие дале голем придонес во толкувањето на прашањата од суштинско значење на христијанската вера. Под амвонот, на столбот е скулптирана и сликана една страшна глава со исплазен јазик меѓу големите заби - демон, со капа од зелени акантови листови[9].

Владичкиот трон во црквата Пророк св. Илија е поставен до првиот столб од јужната страна во наосот. До него се искачува по две полукружни камени скалила, а тронот е поставен врз правоаголен постамент. Тој доминира од црковниот мебел со убава ажурна резба, во чие подножје се скулптирани лавови (Сл.3). На иконата, Исус Христос Велик Архиереј (**ІС ХС, ВЕЛИКІИ АРХІЕРЕЇ**), седи на свечен трон, барокно украсен со анимални претстави на ногарките и наслонот. Облечен е во долг син хитон и долг црвен химатион паспулиран со жолта лента по долниот раб. Одозгора носи епитрахил украсен со црни крстови. Претставен со овален лик, со куса црна коса и брада долу на средината раздвоена, на главата има камилавка. Нозете му се поставени на кружен постамент од камен. Со десната рака благословува во левата држи отворено евангелие со текст со словенска сигнатура: **Азъ сьм вратата презъ мене ако влѣзе секои спасен ще бѫде**. (Јн.10,9) „Јас сум врата, секој што ќе влезе преку Мене ќе се спаси“. Неговиот лик е идентичен со претставата на Св. Јован Златоуст во црквата Св. Петар и Павле во Пехчево од 1892 година[10]. На оштетениот натпис под иконата Исус Христос Велика Архиереј испишан на развиен свиток на владичкиот трон, се чита само годината 1894. Од авторката Ј. Гергова дознаваме дека Андон Зограф оставил натпис на јужната страна, и натпис во подножјето на владичкиот трон на кој ја сликал иконата Исус Христос Велик Архиереј, од 1893 година во црква „Св. Кузман и Дамјан“ во Сандански, Бугарија[11].

Во наосот во фрескоживопис се изведени сцени од животот и мачеништвото Христово во три зони: на југоисточниот ѕид во првата зона се преставени ангели, над нив меѓу прозорците се сместени Св. Бессребреници Кузман и Дамјан, Св.Игнатиј Богоносец, и патронот на црквата, Вознесение на пророк Св.Илија. Во втората зона: Обрезување

8 С. Лакалиска, Ерусалими поклонички икони на платно во Македонија од 1894 до 1904 година, Каламус, Скопје 2019, 102-104.

9 С. Лакалиска, *Христијанските споменици на културата во Скопје и Скопско*, Музеј на град Скопје, Скопје 2000, 66, сликани демони со ликови на мајмуни се зачувани на капители во наосот на црквата Св. Димитрија, Марков манастир сликана во 70-тите години на XIV век.

10 Д. Матевска, *цит.труд*, 202, сл.118.

11 Я. Гергова, *Култът към светци безсребърници в България; образи, вярвания и ритуални практики,* БАН, Институт за етнология и фолклористика с етнографски музей, София 2015, 205-206. (авторката укажува дека црквата е градена во 1861 година во Кромидарското маало.).

Христово, Сретение и Предавството на Јуда. Во трета зона: Раѓање Христово, Крштевање, Преображение, Лазарево воскресение и Влегување во Ерусалим. Меѓу прозорите се насликани пророците: Авакум и Наум, Елисие и Даниил. На северозападниот ѕид се сцените: во првата зона ангели, над нив се сликани Св.Константин и Елена, Св.Јован Рилски, еден непознат светител, и апостолите Петар и Павле. Во втората зона: Св. Марина го убива ѓаволот до северната врата, до неа Св. Ѓорѓи ја убива ламјата и го спасува младичот, потоа меѓу прозорците композициите Христос пред Пилат, Распетие Христово и Погребение Христово. Во третата зона - Камшикување на Христос, Носење на Крстот, Симнување од Крстот и Воскресение Христово. Во нишите на прозорците се сликани пророците Давид, Арон и Мојсеј. Во централниот брод на аркадите над столбовите од северната и јужната страна во плитки ниши се сликани ликовите на четиринаесет светители, а на сводот во лажната калота е сликан Бог Саваот. Старите жители на селото се сеќаваат дека на фасадата под тремот имало живопис со сцени од Страшниот суд, премачкан со бела боја. Од надворешната страна над северната врата е сликана претстава на Св.Троица. Селото и црквата го слават празникот „Св Троица - Духовден”, меѓу месното население познат како „Труичин ден” според пијанечко - малешевскиот дијалект .

Меѓу композициите од фрескоживописот највпечатливи се: Огнено вознесение на пророк Илија, Сретение, Обрезание, св. бессребреници Кузман и Дамјан и св. Троица. Во првата зона во папертата на југозападниот ѕид, зограф Андон го сликал патронот на црквата, композицијата сигнирана „Огнено вознесение на пророк Илија“, **огненото вознесеніе на пр. илиа** (Сл.4). Сигнатурата со словенско писмо е испишана со бела боја по горниот раб на фреската, од двете страни на мандорлата со сонце. Пророкот Илија е претставен фронтално, со долга седа коса и брада. Андон Зограф, овој тип на триделна брада која на долниот крај е раздвоена ја повторува во сликањето на сите широкообразни претстави на светители. Така што истиот лик со истата брада ја следиме на повеќе светителски ликови во фрескоживописот во црквата, кај првосвештеникот во композицијата Обрезование, кај св. Симеон во композицијата Сретение, Бог Отец во Св. Троица, како и неговиот иконопис со истата тематска содржина. На ист начин ги слика и темните бради кај претставата на помладите светители. Таков е примерот и во сликањето на ликовите на Словенските просветители св. Кирил и Методиј, на една икона од 1901 година[12].

Пророкот Илија според Стариот завет жив се вознесува на небото над реката Јордан со огнена кола и четири огнени коњи. Долу на колена паднал пророкот Елисеј и ги испружил рацете за да ја прими пророчката наметка која ја испушта пророкот Илија (2 Цар. 2, 9-11). Тој е сведок на телесното вознесение на св. Илија и негов наследник. Претставен со широко отворена уста од која брановидно нагоре со бели букви протекуваат зборовите **оче оче колесниц ісраїл**. (2 Цар. 2,9-14) кратенка од „Оче мој, оче мој, колата Израелева и коњаникот негов“. Преставата одговара на описот препорачан во Ерминијата на Дионисие од Фурна[13]. Во иконографијата на оваа композиција текстот кој го изговара малиот пророк Елисеј, вообичаено е испишан врз отворен свиток кој пророкот го држи во рака. Небото е сликано со индиго боја, на средината окер мандорла во која е сликано Сонцето пред која е фигурата на св. Илија. Кочијата е светложолта, има квадратна форма, по горниот и долниот раб опточена со лента со стилизирана декорација. Ја влечат два пара црвени коњи (огнени), а според библискиот опис кочијата е црвена и ја влечат два пара крилати црвени коњи (2 Цар. 2,11. 12).

Пророк Илија седи во кочијата која е сликана централно, со десната рака ја фрлил наметката а во левата ги држи уздите на коњите кои се свртени во два различни правца. Претставата го симболизира Богот на сонцето кое се изедначува со неговото име Илија со античкото божество Хелиос. Во врска со ваквата иконографска поставеност на вознесението, авторката С. Габелиќ (1998) подвлекува дека настанот има симболично значење, изедначувајќи го со победоносните сцени на византиските цареви на квадриги, односно со илустрациите на Вознесението на Александар Велики[14]. Фреската Огнено вознесение на пророк

---

[12] А. Божков, И. Гергова и Е. Генова, *Образите на Св.св. Кирил и Методий и св. Седмочисленици в българското изобразително искуство*, Каталог, Софија 1993, 21. кат. № 24. (во легендата е запишана кратенка НХГ - односно неидентификуван художник).

[13] М. Медић, *Стари сликарски приручници III, Ерминија о сликарским вештинама Дионисија из Фурне,* Београд 2005, 217, (168) 96.

[14] С. Габелић, *Манастир Лесново, Историја сликарства*, Београд 1998, 189. Авторката укажува дека најстар пример на фронталниот тип на композицијата вознесение е регистриран во кападоки Чавуш (Галабарник) и св. Лука во Фокида. Особено овој начин на сликање е карактеристичен за профани теми со победоносните претстави на византиските цареви на квадриги или на илустрациите Вознесение на Александар Велики, познати од големиот број сочувани објекти од применетата уметност во Јужна Италија.




*Сл.5.Обрезување на Христос, фреска,втора зона,с/и sид*

св. Илија е сликана во папертата спроти купелот за крштевање во црквата, кој со ништо не е одделен во просторот. Ваквата поставеност на композицијата би можела да одговара на толкувањето според евангелистите дека пророкот Илија е старозаветен предходник на св. Јован Крстител, каде Илиеното вознесение над реката Јордан е сфатено како старозаветна префигурација на крштевањето (Лк. 1:17; Мат.17: 10-13; Мк.9:12-13)[15].

Андон Зограф има неколку омилени композиции кои ги слика во фрескоживописот и иконописот. Таков е примерот со празничните композиции во втората зона на црквата: Обрезување и Сретение Христово. Празникот Обрезание Христово го сликал идентично во неговиот иконопис во црквите Св.Ѓорѓи во с. Будинарци, Беровско и Св Константин и Елена во с. Негрево, Пехчевско; Празникот Сретение го следиме на икона во црквата Св Константин и Елена во с. Негрево, Пехчевско.

Празникот "ОбрезаниеХристово" е сместен во втората зона на фрескоживописот, помеѓу првиот и вториот прозорец од северозападната страна (сл.5). Иконографијата на оваа композиција се заснова според Стариот завет во Израел, каде што било задолжително обрезанието за сите машки деца. Според Мојсиевиот закон се извршувало на осмиот ден по раѓањето, кога детето го добивало своето име" (3 Мој.12, 2,3). Така на осмиот ден по раѓањето на Христос, Младенецот бил донесен во храмот и обрезан. Тогаш, "како што ѝ благовестил архангелот Гаврил на Марија, уште пред да биде зачнат во утробата на Младенецот му е дадено името Исус, што значи Спасител" (Лук. 2, 21). Според христијанското учење чинот на старозаветното обрезание всушност е праобраз на новозаветното крштевање и со него се потврдува дека Господ на себе примил вистинско човечко тело. Обрезанието на Господ според христијанското учење претставува исполнување на законот, што Тој сам го дал преку пророците и праоците[16]. Овој празник спаѓа во страдањата Христови[17]. На фреската во црквата Пророк св.Илија, Обрезанието се одвива во храмот. На средината е правоаголната чесна трпеза (жртвеник) прекриена со драперија, декорирана со флорални елементи, каде од двете страни фронтално се поставени оддесно првосвештеникот и Богородица и одлево свештеникот и Јосиф, сите во стоечки став, фронтално поставени.

Врз чесната трпеза е положено голото тело на Детето, нозете се придржувани од левата рака на првосвештеникот, кој со десната рака го држи ножот, со кој го извршува чинот на "Обрезание-

[15] Пак таму.

[16] *Прологот*, Београд, 1984, 3; Ј. Поповић, *Житија светих за месец јануари*, Ваљево, 1991, 31-35; Л. Мирковић, *Хеортологија*, Београд, 1961, 99-100;

[17] N. Brkić, *Tehnologija slikarstva, vajarstava i ikonografije*, Beograd, 1991, 178;



*Сл.6. Обрезување на Христос, икона, цр. Св.Константин и Елена, с Негрево, Пехчево*



*Сл.7. Обрезување на Христос, икона, цр.Св.Георгиј, с.Будинарци, Берово*

то". Првосвештеникот е претставен како старец со долга бела брада и коса, облечен во сина драперија и жолта туника долга до колената, која е декорирана само во долниот раб. На главата носи старозаветна свештеничка жолта капа. На сосема идентичен начин зографот Андон го претставил и првосвештеникот Симеон во сцената Сретение (Сл.8) во истата зона, како и на празничните икони Обрезание[18] ( сл.6) и во Сретението во црквата Св. Константин и Елена во селото Негрево (сл.9), како и на на празничните икони Обрезание во црквата Св.Ѓорѓи во селото Будинарци[19], каде што сцената е сликана обратно, првосвештеникот стои до Богородица и ги завртел ракавите до лактите- жанр мотив (сл.7). Вториот свештеник исто така е претставен како старец со долга бела брада и коса, во долга црвена свештеничка облека и црна капа, со отворено евангелие во рацете, кој чита литургија. Богородица е облечена во црвен хитон, жолто обрабен по ракавите и црвен химатион префрлен преку главата, врамена со жолт ореол, нејзините раце се прекрстени на градите. Јосиф е претставен во долга црвена туника и сина наметка врз неа, околу главата има жолт ореол, претставен во ист став како Богородица. Обрезанието спаѓа во дванаесетте Големи црковни празници кој Православната Црква го слави на 1 (први) Јануари по стариот црковен календар, односно на 14(четиринаесетти) Јануари по новиот црковен календар. На истиот ден се слави и празникот посветен на црковниот отец Св. Василиј Велики односно Православна Нова година.

Зографот Андон на своите икони на оваа тема ги сликал двата празника заедно. Истата концепција ја среќаваме во неговиот иконопис во две цркви во Малешевскиот регион: во иконописот во црквата Св. Константин и Елена во с. Негрево, Пехчевско (сл.6) и во црквата Св.Георгиј во селото Будинарци[20] (сл.7). На иконите во долниот дел е сликан творецот на литургијата Св. Василиј Велики под арки (со издолжен врв и полукружна) во став на благослов со десната рака, а во левата држи затворено евангелие.

---

[18] Рег бр.13.521, дим. 47 x 32, 5 x 2 см.

[19] Д. Матевска, *цит.труд,* 109, за црквата Св. Ѓорѓи, с. Будинарци, Андон зограф ги насликал празничните икони: Сретение, Неверувањето на Тома (Томина недела), Рождество Христово и Обрезание Христово. (Празничната икона Сретение не е впишана во регистерот на икони за оваа црква).

[20] Рег.бр.13.630, дим.42 ,5 x 32 x 2,6 см.



*Сл.8 Сретение, фрека, втора зона, с/и ѕид, цр. Пророк св.Илија, с.Митрашинци*

Помеѓу вториот и третиот прозорец од северозападната страна на црквата во втората зона е сликана композицијата Сретение Христово, **СРЕТЕНІЄО Хво**(сл.8.). Сретението е еден од Богородичните празници кој спаѓа во 12-те Големи празници. Празникот во Ерусалим започнал да се слави уште во I век, а Црквата официјално го востановила како празник во времето на цезаропапизмот на Јустинијан I, во 544 година[21]. Според Мојсиевиот Закон на 40-тиот ден по раѓањето заради прочистување Дева Марија го однесла детето во старозаветниот Ерусалимски храм. Бидејќи првосвештеникот Захариј ја поставил на местото на девојките настанала реакција од фарисеите. Во тој момент се појавиле праведниот старец Симеон и пророчицата Ана. На старецот Симеон му било ветено со Светиот Дух дека, “нема да почине додека не го види Господ Христос“ (Лк. 2;26). Во композицијата во преден план се претставени Богородица и св. Симеон Богопримец кој го држи малиот Христос, додека малку подалеку зад Богородица стои св. Јосиф, а зад св. Симеон пророчицата св. Ана, која во левата рака држи отворен свиток со текст според евангелистот Лука:**ТȣВА МЛАДЕНЧЕ СОТВОРИ НЕБО И ЗЕМЛѦ** (Овој младенец ги создаде небото и земјата, Лк.2.22-38)[22].

Сцената е сликана во ентериер пред златни двери, а според вообичаената иконографија во заднината се гледаат архитектонски кулиси. Во сцената доминираат сива, сина, црвена и жолта боја. Драпериите се стилизирани. Св. Богородица и св. Ана се сликани идентично со овални ликови, долги сини туники и црвени наметки. Богородица е претставена со испружени раце кон св. Симеон кој го држи бебето во пелени. Св. Јосиф и св. Симеон се претставени со широкообразни ликови и бради. Св.Јосиф е сликан со долга сина туника и црвена неметка во рацете држи два гулаба (според Законот едниот за сепаленица, вториот за прочистување на гревовите). Св. Симеон е претставен во темнозелена долга туника врз која носи куса жолта туника по рабовите украсена со стилизирана декорација, која се повторува насекаде во црквата, на главата носи жолта старозаветна свештеничка капа.

На иконата во црквата Св. Константин и Елена во с. Негрево, Пехчево[23], иконографијата е идентична, сигнатурата е запишана од двете страни на небесниот сегмент во кој е сликано Божјето око: **СРЕТЕНЇЕ ГОСПОДНЕ** (сл.9). Заради медиумот на кој е сликана распоредот на фигурите е различен, но претставите на ликовите се идентични како во фрескоживописот во црквата св. Илија. Во преден план се главните актери во настанот св. Богороди-

[21] Ј. Поповић, *Житија светих за фебруари*. Празникот е востановен после големиот помор и земјотреси кои се случувале во Византиското царство за време владеењето на Јустинијан .

[22] М. Медић, *Стари сликарски приручници III,Ерминија о сликарским вештинама Дионисија из Фурне,* 261, (215) 7.

[23] Рег бр.13.516,дим.46 х 32, 5 х 2 см.




*Сл.9. Сретение, икона, цр. Св. Константин и Елена, с.Негрво, Пехчево*

ца која спокојно стои со спуштени раце напред, а св. Симеон Богопримец го држи бебето Христос, овојпат облечен во долга црвена туника и сина куса туника одозгора, по долниот раб декорирана како на фреската во цр. Св. Илија. Св. Јосиф и св. Ана се сликани допојасно во втор план. Царските двери се идентични со иста декорација, повнимателно сликани. Иконата Сретение во црквата Св.Ѓорѓи во с. Будинарци е сосема идентична со иконата од с. Негрево[24].

На југоисточниот ѕид во првата зона во црквата св. Илија се претставени св. бессребреници Кузман и Дамјан (сл.10). Андон Зограф ги сликал во цел раст, во долги сини туники, врз кои носат други туники (сина, црвена) по долниот раб украсени со златна лента, врз нив наметки (црвена, зелена). Во десните раце држат скалпели, а во левата отворени кутии со наредени шишенца со лекови. Нивните ликови се долгнавести, тие се млади со црна коса и брада. Ореолите се без декорација. Сигнатурата е словенска, меѓу светите лекари во два реда е испишано **с.БЕЗСРЕБРАНИЦИ**, а од десната страна во два реда Дамјан **ДАМИАНЪ**, името на Кузман не е испишано. Авторката Ј. Гергова

[24] Д. Матевска, *цит.труд*, 226, сл.173.



*Сл.10. Св. бессребр. Кузман и Дамјан, фр.1894 г., цр. Пр. с Илија, с, Митрашинци, Берово*

известува дека негови омилени ликови се св. безсребреници Кузман и Дамјан, кои во 1900 година, Андон зограф ги сликал во фрескоживописот како патрони на црква „Св. Кузман и Дамјан“ во Сандански, Бугарија. Претставени на северниот ѕид во цел раст во долги туники (сина, виолетова и црвена), а св. Кузман е претставен во далматика. Во оваа претстава бессребрениците заедно држат една отворена пиксида со наредени шишеца со лекови, а во другата рака скалпели[25].

Селото Митрашинци слави три празници: Св. Илија, Св. Троица и Св. Димитрија. Празничните икони посветени на св. Илија и св. Димитрија се поставени на аналоите во црквата додека фреско-иконата св. Троица е сликан во надворешна ниша

[25] Я. Гергова, *От здравеносните божества до светците безсребърници,(по примерите на Югозападна България)* БАН, Институт за етнология и фолклористика с етнографски музей, ИК„Гутенберг“, София 2015, 58-59 (текст и сл.). Я. Гергова, *Култът към светци безсребърници в България;образи, вярвания и ритуални практики,* БАН, Институт за етнология и фолклористика с етнографски музей, София 2015, 205-206. (авторката укажува дека црквата е градена 1861 година во Кромидарското маало. Андон зограф оставил натпис на јужната страна, а натпис и во подножјето на владичкиот трон на кој ја сликал иконата Исус Христос Велик Архиерej, од 1893 година). Е. Лучева, *Култот кон светите мошти на територијата на Македонија*, Прилеп 2018, 169.



*Сл.11. Св.Троица, фр., ниша над северна влезна врата, цр.Пророк Св.Илија*

над северната влезна врата во црквата (сл.11). Во небесно синило седат фронтално од левата стана Бог Отец, облечен во бледосив хитон и борд химатион претставен како широкообеазен старец со долга седа коса и брада, со триаголен нимб во кој е впишана кратенката „оној кој е" (ОѠН).Тој со десната рака благословува а во левата држи жезло кое на врвот завршува со цветна пупка. Синот од десната страна е претставен во борд со бели линии прошаран хитон и син химатион. Христос е долгообразен со темна долга коса која се спушта по рамената и брада на средината раздвоена. Во ореолот е впишан крст со кратенката „оној кој е" (ОѠН), а сигнатурата IС ХС е испишана во сверата. Синот со десната рака благословува, а во левата држи свера поделена на три дела. Босите нозе ги потпреле на облаци. Над нив во сјајна мандорла е претставено третото лица на Св. Троица, Светиот Дух во облик на гулаб, кој лебди и е свртен кон Синот. Натписот кој е испишан од двете страни на мандорлата е избледен. Андон Зограф повпечатливо ја извел истата композиција на иконата Пресвета Троица, ПРЕСВ.ТРОЇЦА, во црквата Св. Константин и Елена, с.Негрево, пехчевско (сл.12). На иконата од десната страна седи Бог Отец, а од левата Синот. Од небесата се спушта третото лице на Св. Троица, Светиот Дух ширејки сончеви зраци, а во сегментот од облаци на златна заднина е сликано Божјото Око.

Ликовите се идентични како на фреската во Пророк св. Илија. Бог Отец е сликан во розева хитон и син химатион со десната рака благословува во левата ја држи сверата во која исто така е испишана сигнатурата IС ХС. Во ореолот е испишана кратенката „оној кој е"(ОѠН). Исус Христос на иконата е претставен широкообразен, со куса темно кафена брада, на врвот разделена и долга кафена коса. Во неговиот ореол е впишана кратенката „оној кој е"(ОѠН). Христос со десната рака благословува, а во левата го придржува дрвениот крст, симболот на неговото маченииштво. Облечен во црвен хитон и со син химатион. Босите нозе се потпрени на мноштво ситни кружни облаци. Горната констатација дека на мали површини технички е подобар сликар ја потврдува и оваа композиција сликана во двата медиума.

Во 1895 година Андон зограф за црквата сликал две празнични икони кои ги слави црквата Св. Илија и Св. Димитрија (Митровден). На празничната иконата СЗ пророк Илија С͡.ПРОРОК ИЛЇА е претставен во допојасје со идентичен лик како на фреската Огнено вознесение во истата црква, со долга седа коса и брада (сл,13)[26]. Облечен во портокалова туника, зелена наметка на рамената окер

[26] Рег.бр.13.553, дим.49 x 37 x 2 см. Евидентира Центар за документација, евиденција и информатикани икони во СР Македонија том VII од 12001 –



*Сл.12..Икона Св.Троица, цр.Св.Константин и Елена, с. Негрево, Пехчево*




*Сл.13 . Пророк Св. Илија, 1895 г.*

со геометриска декорација, во десната рака држи меч, а во левата отворен свиток со тест: **ГОСПОДИ БОЖЕ МОИ НЕКА СЛЕЗЕ ДНЕСЪ ОГАНЪ ОТ небето** 1895, (Цар, I,18,36-38). Текстот на свитокот се однесува на молитвата на пророкот Илија - да слезе оган од небото и пали жртва на жртвеникот. Под иконата е запишан донаторот: Приложил Атанасие Петровић свештеник. Според житието св.Илија е еден од најистакнатите СЗ пророци, кој се истакнува со голема преданост кон Бога, но и со голема суровост, за што сведочат епизодите на колење на лажните свештеници на богот Ваал (Цар, I,18). Според житието на неговиот татко Савах имал видение во кое детето Илија ангели Божји го повивале и хранеле со пламен. Свештениците од Ерусалим го протолкувале дека тој ќе биде ревносен кон Бога и ќе му суди на Израел со меч и со оган[27]. Огнениот меч е всушност е еден од атрибутите на пророкот св. Илија[28].

Празничната икона Св.Димитрија го спасува епископот Кипријан од ропство и го убива неверникот Калојан, е поставена на аналојот од левата страна во црквата (сл.14). На иконата оставил запис за приложниците за душа и спасение и годината 1895 (нечитлив)[29]. Над ореолот на светителот се чита словенска сигнатура **МИРОТОЧНЪІК**./ чудотворец[30]. Светителот е претставен во полна воена опрема, со куса кафена војничка кошула, окер кожен панцир, зелена развиорена наметка. Св. Димитрија јава на црвен коњ држејќи ја уздата со левата рака, во десната држи копје, со кое го прободува неверникот Калојан паднат на земја. На сапата на коњот е сликан мал јавач. Всушност, сцената е посветена на едно од постхумните чуда на св.Димитрија - ослободување на александрискиот епископ Кипријан од мачеништво ропство кај Словените[31].

Според Миракулата II 6, стариот епископ патувал од Александрија за Константинопол, кој на патот околу средна Грција е заробен од Словените. По долготрајното и мачеништво ропство една

14000, Завод за заштита на спомениците на културата - Скопје, Скопје 1987.

[27] Ј. Поповић, *Житије светих за месец јули*, www. Svetoslavlje, org.

[28] Leksikon ikonografije i simbolike zapadnog kršćanstva, Zagreb 1973, 259-261.

[29] Д. Матевска, *цит.труд*, 115 и 232, сл 190. Авторката иконата погрешно ја насловила како „Свети Димитриј го убива гладијаторот".

[30] Рег.бр.13.552, дим.106 x 50 x 3 см.

[31] Ф. Баришић, *Чуда Димитрије Солунског као историјски извор,* САН, Византолошки институт, књ.2, Београд 1953, 136. Miracula II,6.



*Сл.14. Св. Димитрија го спасува епископот Кипријан и го убива неверникот Калојан, 1895г.*

ноќ насоне му се прикажал св. Димитрија и го посоветувал да бега. Утредента Кипријан тргнал на пат, а пред него како водич излегол св. Димитрија преоблечен како војник, кој го следел на патот до Солун[32]. Во претставата на иконата епископот Кипријан, стар со седа долга коса и брада е облечен во црна епископска облека. Со десната рака се држи за воинот, а левата рака е отворена и свртена дланка кон верниците – положба која е карактеристична за мачениците и во оваа претстава го симболизира неговото маченииштво[33]. Иконографијата на оваа претстава има преносно значење, ослободување на христијаните од иноверната османлиска власт.

Андон Зограф во 1896 година се враќа во родниот крај во пиринскиот регион, каде што продолжува да слика. Неговото творештво сѐуште не е поопстојно проучено.

Sneshka LAKALISKA

**ANDON ZOGRAPH FROM MELNIK, FRESCO AND ICON PAINTING IN THE CHURCH OF THE HOLY PROPHET ELIJAH – VILLAGE OF MITRASHINCI, BEROVO, 1894/95**

*Summary*

Andon zograph from Melnik arrived in the region of Maleshevo in 1892, where we worked for two to three years, mainly icons in the churches in Pehchevo, Ratevo, Negrevo and Budinarci. In 1894/95 he fresco-decorated the Church of the Holy Prophet Elijah in the village of Mitrashinci, where he also painted several icons. He elaborated the fresco decoration in the Church of the Holy Prophet Elijah in the traditional style, which suited the taste of the ecclesiastical and conservative environment of the time. He is not a talented zograph when painting large surfaces, unlike his icon painting, where his results are much better. The faces of the saints in his work vary from long to wide in form. They are always presented in front plan, with stylized draperies. In the decoration he uses elements of the Levantine baroque, flower details which are painted on the walls and on the icons. The scenes also have genre motifs, while the landscape has short rocky areas with triangle forms and low vegetation. His painting is dominated by strong blue, red and dark green tones. He transfers the iconography in details in a characteristic manner. In his overall work, one and same iconography can be seen both in his fresco and icon painting. Many identical works can also be seen in the fresco-decoration of the Church of the Holy Healers in Sandanski in Bulgaria from 1899.

[32] Ф. Баришић, *Чуда Димитрије Солунског као историјски извор,* 136.

[33] С. Ракић, *Иконе Босне и Херцеговине (16-19 вијек),* Београд 1998, 113-114.